РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-952/8
15-04-2021

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива на 47 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 09.04.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

**Се запира** постапката иницирана по службена должност од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, против службеното лице ----------- – пратеник во Собранието на РСМ, бидејќи после констатирана состојба на прекршување на ограничувањата предвидени во член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и доставената Одлука со бр. 09-952/2 од 08.03.2021 година, истиот постапи по задолжувањата од наведената одлука.

Исто така, после доставен прекршочен платен налог со бр. 09-952/5 од 08.03.2021 година, во законски предвидениот рок истиот ја плати глобата предвидена во член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Предметот со број 09-952/1 од 01.03.2021 година се затвора и архивира.

**Образложение**

Предметот со број 09-952/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјава за интереси поднесена од ------------ – пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што по изборот на наведената функција, управувањето на трговското друштво -------- го доверил на член на неговото семејство (сопруга), што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

--------- е избран за пратеник во Собранието на РСМ со акт бр. 08-2358/1 од 04.08.2020 година. По проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице преку подносител ----------- доставил пријава за промена на управител на трговското друштво ----------- на ден 17.08.2020 година до Централниот регистар на РСМ, по што донесена е Одлука на ден 24.08.2020 година и за управител на ова трговско друштво е назначено лицето --------------, сопруга на службеното лице ---------------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси одлуката со бр.09-952/2 од 08.03.2021 година донесена од ДКСК, се достави до службеното лице ----------- – пратеник во Собранието на РСМ, со која му се укажа на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно

управувањето со трговското друштво -------------- да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.

Службеното лице ------------- – пратеник во Собранието на РСМ беше задолжен да ја извести повратно ДКСК со приложување на доказ за постапување во рок од 15 дена од доставување на наведената одлука.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на истото лице му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

На ден 19.03.2021 година, ------------- – пратеник во Собранието на РСМ, до ДКСК достави копија од уплатница за уплата на глоба по доставен прекршочен платен налог со бр. 09-952/5 од 08.03.2021 година. На ден 29.03.2021 година истото лице до ДКСК достави потврда за прием од Централен регистар на РСМ дека на ден 25.03.2021 година преку подносител ------------- е доставена пријава до ЦРРСМ за ликвидација на трговското друштво -------------.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното , Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК